РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1273/3
03-09-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 38-та седница одржана на 31.08.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-3147/1 од 16.12.2024 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за непостапување на ---- по иницијатива за инспекциски надзор поврзана со работењето на овластен ---- инспектор ---- во општина ---- поднесена од граѓанин, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, за предметниот случај постапуваат други надлежни органи, каде постапката е во тек.

Предметот со број 12-3147/1 од 16.12.2024 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од познат подносител, на ден 16.12.2024 година, доставена е пријава со наводи за сомневање за непостапување на Државниот инспекторат за ---- по поднесена иницијатива за вршење на инспекциски надзор од подносителот во врска со работењето на овластениот ---- инспектор ---- во општина ---- и оформен е предмет број 12-3147/1 од 16.12.2024 година.
Во пријавата се наведува дека подносителот поднел Иницијатива за вршење на вонреден инспекциски надзор до Државниот инспекторат за ---- согласно Законот за градење, во врска со работењето на овластениот ---- инспектор ---- во општина ---- со барање по надзорот да биде известен за констатираната состојба. Во пријавата подносителот се повикува на Законот за инспекциски надзор членот 18 став 1 алинеите 9, 19, 20 и21 , член 23 точка 6 и член 24 точка 8, каде се утврдени надлежностите на инспекторатот во однос на поднесени иницијативи од страна на граѓани за вршење на инспекциски надзор.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во насока на утврдување на фактичката состојба по оформениот предмет, ДКСК достави барање за прибирање на податоци и информации (и ургенции на истото) со кое/и побара Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам (ДИГУ) да се изјасни за тоа дали постапувал по поднесената иницијатива на подносителот и кој е исходот од постапувањето.

На 17.06.2026 година Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам ја извести ДКСК дека доставениот допис од подносителот не е во надлежност на Инспекторатот. Воедно извести дека во Инспекторатот од страна на Министерството за транспорт и врски бил доставен допис за лицето ---- од ----, по кој бил оформен предмет со број ----. Бидејќи станува збор за проблематика од локално значење, согласно надлежностите кои произлегуваат од Законот за градење, а во врска со чл. 21 став 1 од Законот за локална самоуправа, при што општините самостојно, во рамките на законот, ги уредуваат и вршат работите од јавен интерес од локално значење, утврдени со овој закон или друг закон, и се одговорни за нивно вршење, чл 50 став 1 точка 5 од истиот закон, Градоначалникот го обезбедува извршувањето на работите коишто со закон се делегирани на општината, ДИГУ на ден ---- година дописот го доставил во Општина ---- на натамошно постапување.
Воедно, ДИГУ известува дека не добиеле информација за тоа дали општина ---- постапила по доставениот предмет, па од тие причини доставиле Ургенција до надлежниот орган ---- за побрзо постапување по истиот.

Од сето погоре наведено, ДКСК констатира дека за предметниот случај постапуваат други надлежни органи - Државниот инспекторат за ---- и општина ----, каде постапката е во тек, па оттаму утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за нејзино натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: В.З., Виш соработник
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: З.Б, Член на ДКСК

**Доставено до:**
**- подносителот на пријавата**